**20151293787**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 2015 година.

Бр. 08-3427/1
30 јули 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15 и 72/15), во членот 252 ставот (3) се брише.

Член 2

Членот 259 се менува и гласи:

„(1) Ако инспекторот на трудот затекне на работа кај работодавач лица со кои не е заснован работен однос, согласно закон и лицата не се пријавени во задолжително социјално осигурување со решение ќе му нареди на работодавачот во рок од осум дена од денот на приемот на решението со затечените лица или други лица без јавен оглас да заснова работен однос на неопределено време и во наредните три месеци да не го намали вкупниот број на вработени и ќе му даде предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавачот согласно Законот за прекршоците. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(2)Ако работодавачот го повтори прекршокот од ставот (1) на овој член, во рок од една година од денот на сторувањето на прекршокот, инспекторот на труд со решение ќе забрани работа кај работодавачот во работната просторија, односно работниот простор во траење од 30 дена и ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно со закон.



www.pravdiko.mk

(3) Прекршочниот платен налог од став (1) на овој член, решение од ставовите (1) и (2) на овој член и барање за поведување на прекршочна постапка од ставот (2) на овој член ќе издадат, ќе донесат, односно ќе поднесат согласно закон и пазарниот инспектор, санитарниот и здравствениот инспектор и инспекторот за техничка инспекција, секој во однос на одредбите од овој закон за прашањата за кои тие се надлежни согласно закон.

(4) Жалбата поднесена против решенијата од ставовите (1) и (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(5)За време на забраната за работа на работодавачот од ставот (2) на овој член, работодавачот е должен на работниците да им исплатува надомест на плата најмалку 70% од исплатената плата на работникот во претходниот месец и придонеси од плата и за време на забраната не смее да го намали бројот на вработените.

(6) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(7)Во евиденцијата од ставот (6) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочиот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(8)Личните податоци од ставот (7) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(9) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог . "

Член 3

Во член 264 во ставот (1) зборовите „ 6.000 до" се бришат

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

Во ставот (3) зборовите „4.000 до 5000" се заменуваат со зборовите „700 до 1050".

Член 4

Во член 264-а во ставот (1) зборовите „2.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице."

Член 5

Во член 265 во ставот (1) зборовите „2.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице."

Во ставот (3) зборовите „1.000 до 2.000" се заменуваат со зборовите „300 до 450".

Член 6

Во член 265-а во ставот (1) зборовите „500 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице."

Во ставот (3) зборовите „600 до 800" се заменуваат со зборовите „100 до 150".



www.pravdiko.mk

Член 7

Во член 266 во ставот (1) зборовите „1.000 до” се бришат.

Член 8

Во член 266-а во ставот (5) зборовите „тужба за поведување управен спор” се заменуваат со зборовите „жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка”.

Член 9

Во член 266-в во ставот (1) зборовите „на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување согласно овој закон, друг закон и Законот за прекршоци.” се заменуваат со зборовите „на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавач ќе му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците”

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен со постапката за порамнување, инспекторот од член 261 и 261-а од овој закон составува записник и му издава прекршочен платен налог на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавач.”

Во ставот (3) во втората реченица зборот„платниот” се заменува со зборовите „прекршочен платен”

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.”

Член 10

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 11

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 12

Се овластува Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за работните односи.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија”.



www.pravdiko.mk